СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ПЕТАР СПАСОВ

за Ново Село



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



**Почитувани сограѓани,**

Ми претставува голема чест повторно да ви се обратам како ваш кандидат за градоначалник. Јас сум Петар Спасов, човек, кој во периодот од 2009 до 2013 година ја имаше честа да ја води Општина Ново Село и заедно со вас да реализира значајни проекти што ја променија нашата заедница. Тој мандат ми даде непроценливо искуство, но и потврда дека кога се работи чесно, одговорно и со визија - резултатите се видливи и трајни.

Денес повторно застанувам пред вас со чиста совест, иста енергија и уште поголема решителност. Се кандидирам затоа што верувам дека Општина Ново Село може и мора да биде современа, развиена и уредена општина - место каде што младите ќе ја градат својата иднина, а нашите родители и повозрасни сограѓани ќе имаат достоинствен живот.

Мојата визија е јасна: вложување во инфраструктурата, образованието, спортот, културата, локалната економија и градењето меѓусебна доверба. Ќе обезбедиме подобри услови за земјоделците и малите бизниси, ќе градиме нови јавни катчиња за младите, ќе го подобриме здравствениот и социјалниот стандард, а чистата животна средина ќе биде наш врвен приоритет.

Не ветувам невозможни работи - ветувам работа, отчетност и транспарентност. Знам дека можеме повеќе, затоа што веќе сме покажале дека знаеме како.

Ве повикувам повторно да ми ја дадете вашата доверба, бидејќи веќе еднаш заедно ја ставивме Општина Ново Село на вистинскиот пат и сега треба повторно да ја вратиме на тој пат.

Со почит и благодарност,

**Петар Спасов**

Ваш кандидат за градоначалник на Општина Ново Село

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

## За Ново Село

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Ново Село

**Почитувани сограѓани,**
**Ние, кандидатите за советници од листата на СДСМ, стоиме обединети зад визијата на нашиот кандидат за градоначалник, Петар Спасов. Веруваме дека Општина Ново Село повторно заслужува развој, правда и современи услови за живот. Нашата сила е во тимската работа, чесноста и блискоста со граѓаните. Ќе бидеме ваш глас во Советот и ќе се бориме за транспарентност, одговорност и проекти што носат подобра иднина за сите.**

1. Звонко Ангелов, р. 1987, социјален работник, СДСМ
2. Зоран Митрев, р. 1968, економист, СДСМ
3. Марија Глигорова, р. 1983, медицинска сестра, СДСМ
4. Ристо Златановски, р. 1975, сообраќаен техничар, СДСМ
5. Сања Чепилов, р. 1986, к онфекциски моделар, СДСМ
6. Никола Грозданов, р. 1999, градежен техничар, СДСМ
7. Мите Кедеров, р. 2002, студент по правни науки, СДСМ
8. Радмила Ефтимов, р. 2002, техничар з а дизајн на облека, СДСМ
9. Сашо Младенов, р. 1966, градежен техничар, СДСМ
10. Наталија Петрова, р. 2002, техничар за агроменаџмент, СДСМ
11. Ангела Чавковска, р. 2005, физиотерапевт, СДСМ

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**
- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Во периодот 2017 - 2021 година, Општина Ново Село под раководство на СДСМ реализира значајни инфраструктурни и социјални проекти, финансирани од Владата, меѓународни фондови и општинскиот буџет.
- Изградивме пречистителна станица во Ново Коњарево - капитален проект за заштита на животната средина.
- Ја реконструиравме детската градинка „Сонце" во Ново Село, создавајќи подобри услови за најмладите.
- Изградивме тротоари во Ново Село и Ново Коњарево, со што ја зголемивме безбедноста на пешаците.
- Ја доградивме и ја реконструиравме административната зграда на Општината, обезбедувајќи модерен сервис за граѓаните.
- Спроведовме чистење на речни канали и водотеци, како и набавка на ровокопач-натоварувач за руралните средини.
- Воведовме системи за топловодно греење во училиштата во Сушица и Мокриево.
- Реализиравме повеќегодишни програми за изградба и одржување на локални патишта и улици, вклучително и водоснабдителен систем и изградба на улици во Сушица, како и локалниот пат Ново Село - Барабарево (II фаза).
- Го доизградивме патот Зубово - Мокриево и фекалната канализација во Ново Село со колектор и таложник.
- Реализиравме социјални програми, како што е „Помош и нега во дом", и поставивме агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури.

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Од ноември 2021 година Општина Ново Село е под раководство на ВМРО-ДПМНЕ. Наместо да започнат нови развојни проекти, тие главно довршуваа веќе подготвени проекти со обезбедени средства од претходното раководство на СДСМ - како што се фекалната канализација во Сушица и изградба на 3 км улици во Ново Село, Мокриево и Колешино.
- Под нивно раководство, ЈПКД „Комуна" од ликвидно претпријатие со квалитетни услуги денес е со сериозни долгови и влошени комунални сервиси. Детската градинка „Сонце" повеќе мандати ја води в. д. директор без конкурс, со намален квалитет, скандали и пријави од родители.
- Во основните училишта ревизиите нотираа сериозни забелешки: партиски вработувања, насилна смена на директор и дури физички инциденти.
- Грижата за животната средина е на најниско ниво досега - во 2024 година граѓаните протестираа поради планирана леарница за алуминиум во Смолари, со обвинувања за прикривање документи и кривична пријава против градоначалникот.
- Овој период е обележан со недостиг на визија, партизација и пад на довербата на граѓаните. Наместо развој, Општина Ново Село доби стагнација, скандали и хаос во институциите.
- Сѐ на сѐ, во последните четири години во Општина Ново Село нема реализација на ниту еден инфраструктурен проект.

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто повторно се кандидирате? Што е мотивот?**

Мојата најголема мотивација повторно да се кандидирам за градоначалник на Општина Ново Село е љубовта кон општината и луѓето што живеат тука. Општина Ново Село ја водев во периодот 2009 - 2013 година и знам што значи кога се работи чесно и посветено. Се кандидирам повторно затоа што верувам дека Општина Ново Село може многу повеќе и затоа што граѓаните заслужуваат општина што ќе носи развој, сигурност и иднина.

- **Колку е важно да се има визија за општината?**

Визијата е предуслов за успех. Ако не знаеме каде одиме, ќе тапкаме в место. Затоа е важно да имаме јасна цел за Општина Ново Село - уредени населени

места, модерна инфраструктура, поддршка за младите и земјоделците. Во тој контекст, секоја општина е дел од поширокото општество, па визијата за локален развој мора да оди рака под рака со визија за подобро и поправедно општество.

- **Што мора да се направи во следниот мандат?**

Во следниот мандат мора да се реализираат проекти што ќе направат вистинска промена: инвестиции во водоснабдувањето, канализацијата, училиштата, спортските терени и патната инфраструктура. Но тоа не е доволно - важно е и да градиме системи за поддршка на младите, културни содржини и можности за отворање нови работни места.

Преку транспарентна работа и постојана комуникација со граѓаните, ќе обезбедиме нивните потреби навистина да се преточат во конкретни проекти.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се иднината на Општина Ново Село. Ако тие си заминат, општината ќе остане празна. Затоа ќе вложуваме во спортот, културата, образованието и дигитализацијата. Мора да создадеме услови што ќе ги мотивираат младите да останат тука и да ја гледаат својата иднина дома, а не во странство.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните?**

Безбедноста е основно право на секој граѓанин. Ќе соработуваме со полицијата, училиштата и локалните институции со цел да го намалиме насилството и да ја зголемиме безбедноста во сообраќајот и да создадеме мирна и сигурна заедница за секој еден граѓанин.

- **Доброто планирање на просторот и мобилноста – клуч за развој?**

Доброто планирање на просторот и мобилноста се секако клуч за развој, бидејќи без урбанистичко планирање, нема развој. Во следниот период ќе подготвиме квалитетни планови за сите населени места со кои ќе предвидиме подобра јавна инфраструктура што ќе го направи животот полесен и поудобен за сите жители на нашата општина, со посебен осврт на лицата со посебни потреби за пристап до сите јавни објекти – право што ги следува со закон.

- **Загадување и јавна чистота – осудени ли сме на ѓубре и отровен воздух?**

Апсолутно не. Но мора да има одговорно управување. Ќе се зголеми контролата врз загадувачите, ќе се чистат дивите депонии и ќе се вложува во обновливи извори на енергија. Чистата животна средина не е луксуз – таа е здравје за нашите деца.

- **Доверба во институциите и борба против корупцијата?**

Довербата во институциите е ниска, но мора да се врати. Решението е во транспарентноста и отчетноста. Граѓаните мора да знаат каде оди секој денар. Само така ќе имаат доверба.

Како градоначалник ќе воведам целосно отворени податоци за општинскиот буџет, јавните набавки како и за сите одлуки што ќе ги носи општинскиот Совет на седници отворени за сите граѓани, со можност и за физичко присуство, а секако и редовна можност за советнички прашања - а не како досега.

- **Иселувањето и наталитетот – имаме ли иднина без луѓе?**

Нема општина без луѓе. Затоа мора да го задржиме населението преку економски развој, поддршка за семејствата, подобрени услови за младите и враќање на довербата во институциите. Ако младите видат перспектива тука, тие ќе останат.

Нашата должност е да создадеме средина во која секое семејство ќе има причина да остане, а секое дете ќе ја гледа својата иднина овде, а не надвор.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас?**

Затоа што јас, Петар Спасов, не ветувам празни зборови - јас имам искуство, знаење и докажани резултати. Бев градоначалник и покажав дека можам да работам чесно и успешно. Она што ме разликува од другите е тоа што секогаш сум со граѓаните, ги слушам нивните потреби и работам заедно со нив. Со вашата доверба, ќе изградиме поуспешна и посреќна Општина Ново Село.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Нашата визија е Општина Ново Село да биде општина на еднакви можности и квалитетен живот за сите. Преку конкретни активности и политики за различните целни групи и области, заедно со граѓаните ќе ги менуваме состојбите на подобро.

## МЛАДИ

- Отворање младински центар во Ново Село со простор за креативни, културни и едукативни активности.
- Поддршка за стартапи и младинско претприемаштво преку локални фондови и програми за менторство.
- Организирање волонтерски и културни кампови, спортски лиги и младински фестивали.
- Дигитална едукација и обуки за ИТ-вештини, соработка со компании за практики и работни можности.

## ЖЕНИ

- Програми за самовработување и поддршка за жената како претприемач (обуки, микрокредити, советодавни центри).
- Подобри услови во градинките и проширување на социјалните услуги за полесно усогласување на работните и семејните обврски.
- Вклучување на жените во процесите на одлучување во локалната самоуправа.

## ПЕНЗИОНЕРИ

- Отворање и реновирање на дневни центри за пензионери во Ново Село и други населени места.
- Бесплатни превентивни здравствени прегледи и програми за рекреација и дружење.
- „Помош и нега во дом“ - проширување на програмата за социјална поддршка.

## ОБРАЗОВАНИЕ

- Реконструкција и модернизација на училиштата, воведување енергетска ефикасност и дигитални алатки.
- Изградба на спортска сала во Колешино и реконструкција на училишни дворови.
- Стипендии за најуспешните ученици и поддршка за наставниците.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

## КУЛТУРА И СПОРТ

- Поддршка на културни друштва, фестивали и манифестации во сите населени места.
- И зградба и реконструкција на спортски игралишта и терени.
- Финансиска помош за спортски клубови и младински активности.

## ТРАНСПОРТ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Континуирана изградба и реконструкција на локални патишта и улици.
- Нови пешачки и велосипедски патеки.
- Подобро уредување на јавните површини и паркинг-простори.

## ЖИВОТНА СРЕДИНА

- Систематско чистење на речни корита и диви депонии.
- Проекти за пошумување и уредување на зелени површини.
- Селекција на отпад и нови контејнери за отпадоци.
- Јакнење на свеста за заштита на природата преку училишни и граѓански акции.
- Изградба на нови зелени површини – паркови, во повеќе населени места.

## ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ГРИЖА

- Проширување на амбулантските услуги во населените места.
- Поддршка за домашна нега и услуги за ранливите категории.
- Кампањи за здравствена заштита и здрав начин на живот.

## ЕКОНОМИЈА И ЗЕМЈОДЕЛСТВО

- Поддршка за земјоделците за пристап до модерна механизација и советодавни центри.
- Нови агрометеоролошки станици за заштита на посевите.
- Поттик за развој на мали и средни бизниси преку олеснет пристап до финансии и промоција на локални производи.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И УПРАВУВАЊЕ

- Воведување дигитални услуги и алатки за поголема отчетност.
- Јавни расправи за сите клучни одлуки и директна вклученост на граѓаните.
- Отворен буџет – секој граѓанин да знае како и каде се трошат општинските пари.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Филтер-станица – Фабрика за вода во Ново Село

Реконструкцијата и надградбата на филтер-станицата има единствена цел - постојано достапна – квалитетна и чиста вода за пиење преку проширување на капацитетот и модернизација со нова процесна опрема со што ќе се замени нефункционалната постојна опрема.

Проектот опфаќа:

- Изведба на нова – дополнителна каптажа со што ќе се обезбеди доволно количина сурова (нетретирана) вода.

- Изградба на филтер-станица - фабрика за вода со изведба на нови филтри за претфилтрација на сурова вода со процесна опрема за мониторинг на проток и квалитет, замена на постојната опрема со нова апаратура (примена на нови современи технологии) за процесуирање - третирање на водата, како и инсталација на сите потребни мерни апарати за 24-часовно следење на процесот на преработка и квалитетот на водата за пиење.

**Влијание на проектот:**

Со реконструкцијата и надградбата на филтер-станицата ќе се обезбеди користење на чиста и безбедна вода за пиење во секое време од годината до секој граѓанин на населено место Ново Село.

**Целна група:**

Сите жители на населеното место Ново Село

**Рок на реализација** 2028

**Буџет** 930.000,00 €

## Доизградба на фекална канализација во Сушица

Проектот опфаќа реализација на втората и третата финална фаза од изградбата на фекалниот канализациски систем во населбата Сушица. Предвидена е изградба на околу 6 000 метри нова мрежа од ребрести полиетиленски цевки (PE) со дијаметри од 200 и 250 милиметри, кои ќе се поврзат со веќе постојната (прва) фаза од мрежата. Ќе се постават над 190 нови полиетиленски шахти со

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

различни висини (од 1,5 до 4 метри). Изградбата ќе се изведува на терен со променлива цврстина на почвата, применувајќи соодветни градежни техники и мерки за безбедност при ископи со длабочина до и над 2 метра, користејќи комбинација од машински и рачни методи. Изборот на материјали и технологија има цел да обезбеди долговечност и ефикасност на системот. Со завршувањето на овие фази ќе се овозможи комплетно собирање и одведување на сите видови отпадни води од населбата.

**Влијание на проектот:**

Заштита на животната средина преку спречување на загадување на почвата, подземните води и реката Струмица од отпадни води. Подобрување на јавното здравје и хигиенските услови во населбата.

**Целна група:** Сите жители на населбата Сушица

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 600.000,00 €

## Реконструкција на локален пат Зубово - спојка со магистрален пат А4

Проектот предвидува целосна реконструкција на локалниот пат што го поврзува село Зубово со магистралниот пат А4. Реконструкцијата опфаќа подготвителни работи, како што се расчистување на трасата и отстранување на постојната коловозна конструкција, земјени работи за подготовка на постелката, изградба на нов долен строј со тампонски слој, како и изградба на горен строј со нанесување два слоја асфалт бетон (БНС 22 и АБ 11 S) на површина од околу 7.425 m$^2$. Патот ќе биде со должина од приближно 1.530 метри. Дополнително, проектот вклучува работи на одводнување (цевчести пропусти, решетки, канали) за правилно атмосферско одводнување и поставување соодветна вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација за зголемување на безбедноста.

**Влијание на проектот:**

Овозможува побрзо, побезбедно и поудобно патување до и од селото, подобар пристап до магистралната патна мрежа и ги намалува трошоците за одржување на возилата.

**Целна група:**

Жителите на село Зубово, жителите на околните населени места што го користат овој патен правец, возачи и патници што транзитираат низ подрачјето.

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 350.000,00 €

## ▪ Изградба на водоснабдителен систем во Мокриево

Проектот предвидува целосна изградба на современ водоснабдителен систем за сите домаќинства во село Мокриево, кој е поделен на две главни целини: мрежа за ниската зона и мрежа за високата зона. За ниската зона е предвидена изградба на делнични цевководи со цел да се згусне и да се подобри постојната или планирана мрежа во должина од приближно 6.940 метри, како и изградба на придружни објекти и поставување на потребната опрема. За високата зона, проектот опфаќа изградба на главниот дел од водоводната мрежа во тој дел од селото со вкупна должина на трасата од приближно 7760 метри. Работите за високата и ниската зона вклучуваат обележување на трасата, ископ на ровови (со длабочина до 2 метра во различни категории материјал), поставување цевководи, насипување и набивање ровови, како и изградба на слој од тампон. Целокупниот проект ги опфаќа сите неопходни градежни работи за да се обезбеди сигурно и стабилно водоснабдување низ целото село, вклучувајќи ги двете зони.

**Влијание на проектот:**

Се обезбедува здрава, сигурна и редовна вода за пиење за сите жители. Се решаваат долгогодишните проблеми со недостиг или несоодветен притисок на вода, се подобрува јавното здравје, хигиената и квалитетот на животот.

**Целна група:**

Сите жители на село Мокриево (вклучувајќи ги домаќинствата во ниската и високата зона).

**Рок на реализација** 2028

**Буџет** 430.000,00 €

# ПРОЕКТИ

## Изградба на водоводен систем во Колешино

Проектот предвидува изградба на примарна (4600 м) и секундарна (5700 м) водоводна мрежа во с. Колешино, со ископи, поставување цевководи, ревизиони шахти и приклучоци. Ќе се изврши тестирање и хлорирање, а по потреба и снижување на подземни води. Целта е сигурно и континуирано снабдување со квалитетна вода.

**Влијание на проектот:**
Проектот обезбедува чиста и сигурна вода за Колешино, суштински го подобрува здравјето, хигиената, животниот стандард и функционирањето на домаќинствата.

**Целна група:**
Сите постојни и идни жители на населеното место Колешино, сите домаќинства, земјоделци што имаат потреба од вода, локални бизниси и евентуални јавни институции сместени во Колешино.

**Рок на реализација** 2029

**Буџет** 880.000,00 €

## Доизградба на водоводен систем во Самоилово

Проектот предвидува изградба на околу 4200 м водоводна мрежа во с. Самоилово. Работите вклучуваат геодетско обележување, ископи, сечење асфалт каде што е потребно, тампонирање, поставување примарни и секундарни цевководи, шахти и куќни приклучоци, како и тестирање и дезинфекција. Целта е сигурно снабдување со квалитетна вода.

**Влијание на проектот:**
Проектот обезбедува чиста и сигурна вода за Самоилово, суштински ги подобрува здравјето, хигиената, животниот стандард и функционирањето на домаќинствата.

**Целна група:**
Сите жители на населеното место Самоилово (домаќинства, деца, млади, возрасни, стари лица), локални земјоделски стопанства и други мали бизниси во селото.

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 300.000,00 €

## Реконструкција на улици во централното подрачје на Сушица

Проектот предвидува целосна реконструкција на оштетени коловози во центарот на с. Сушица, настанати по изградба на канализација и водовод. Ќе се обнови асфалтната површина и ќе се изградат уредени пешачки патеки од бехатон-плочки со рабници. Целта е трајна, квалитетна инфраструктура и поголема безбедност за сите учесници во сообраќајот.

**Влијание на проектот:**
Реконструкцијата ја санира оштетената инфраструктура, ја зголемува безбедноста за возила и пешаци и го подобрува изгледот на центарот во Сушица.

**Целна група:**
Жителите на Сушица (особено оние што живеат или се движат во централното подрачје), сите учесници во сообраќајот (возачи, пешаци, велосипедисти), локални бизниси и установи лоцирани во централното подрачје, посетители на населбата, како и лица со намалена подвижност.

**Рок на реализација** 2028

**Буџет** 400.000,00 €

## Изградба на водоводен систем во Ново Коњарево

Проектот предвидува изградба на водоводен систем за с. Ново Коњарево со изворишта (каптажа и дупчен бунар), доводни цевководи со должина од околу 2000 м, резервоар, хлорна станица и дистрибутивна мрежа со должина од околу 6000 м. Ќе се реконструира постојната каптажа. Целта е сигурно и квалитетно снабдување со вода за сите жители и објекти.

**Влијание на проектот:**
Проектот обезбедува чиста и сигурна вода за Ново Коњарево, суштински го подобрува здравјето, хигиената, животниот стандард и функционирањето на домаќинствата.

**Целна група:**
Сите жители на населеното место Ново Коњарево (домаќинства, деца, млади, возрасни, стари лица), локални земјоделски стопанства и други мали бизниси во селото, како и јавни институции сместени во Ново Коњарево.

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 462.000,00 €

## Изградба на водоводен систем во Смолари

Проектот предвидува изградба на водоводен систем за с. Смолари, со изворишта, доводни цевководи (2300 м), дистрибутивна мрежа (7500 м), резервоари Р1 и Р2 и хлорна станица. Во станицата ќе има мерач на проток и дозирна пумпа за дезинфекција. Системот обезбедува сигурно и квалитетно водоснабдување за сите жители и објекти.

**Влијание на проектот:**
Проектот обезбедува чиста и сигурна вода за Смолари, суштински го подобрува здравјето, хигиената, животниот стандард и функционирањето на домаќинствата.

**Целна група:**
Сите жители на населеното место Смолари (домаќинства, деца, млади, возрасни, стари лица), локални земјоделски стопанства и други мали бизниси во селото, како и јавни институции сместени во Смолари.

**Рок на реализација** 2029

**Буџет** 415 000,00 €

# ПРОЕКТИ

## Изградба на водоводен систем во Борисово

Проектот предвидува изградба на водоводен систем за с. Борисово со водоводна мрежа од околу 9400 м. Работите вклучуваат геодетско обележување, ископи, планирање ровови, поставување примарна и секундарна мрежа, куќни приклучоци, таложник и хидроизолација. По завршување ќе се врши тестирање под притисок. Целта е сигурно и квалитетно водоснабдување.

**Влијание на проектот:**
Проектот носи чиста и сигурна вода за Борисово, суштински го подобрува здравјето, хигиената, животниот стандард и функционирањето на домаќинствата.

**Целна група:**
Сите жители на населеното место Борисово (домаќинства, деца, млади, возрасни, стари лица), локални земјоделски стопанства и други мали бизниси во селото.

**Рок на реализација** 2029

**Буџет** 478 000,00 €

## Изградба на водоводен систем во Мокрино

Проектот предвидува изградба на современ водоводен систем за с. Мокрино со HDPE-цевки (DN 50-125mm, PN 6-10). Мрежата е над 8000 м и ќе се постави претежно под неасфалтирани тротоари за минимално нарушување на теренот. Системот вклучува хидромеханичка опрема, шахта со регулатор на притисок, премини под патишта и заштита од замрзнување. Целта е сигурно и квалитетно водоснабдување.

**Влијание на проектот:**
Проектот носи чиста, сигурна вода, го подобрува здравјето, хигиената и квалитетот на живот во Мокрино.

**Целна група:**
Сите жители на населеното место Мокрино (домаќинства, деца, млади, возрасни, стари лица), локални земјоделски стопанства и други мали бизниси во селото, како и јавни институции сместени во Мокрино.

**Рок на реализација** 2028

**Буџет** 315 000,00 €

## Изградба на водоводен систем во Дражево

Проектот предвидува изградба на водоводен систем за с. Дражево со водоводна мрежа од околу 8400 м. Работите опфаќаат геодетско обележување, ископи на ровови до 4 м, планирање и заштита на цевководот со песок и локален материјал, поставување мрежа со фитинзи и куќни приклучоци, како и изградба на бетонски објекти. Целта е сигурно и квалитетно водоснабдување за сите жители.

**Влијание на проектот:**
Проектот носи сигурна, чиста вода, го подобрува здравјето, хигиената и квалитетот на живот во Дражево.

**Целна група:**
Сите жители на населеното место Дражево (домаќинства, деца, млади, возрасни, стари лица), локални земјоделски стопанства и други мали бизниси во селото, како и јавни институции сместени во Дражево.

**Рок на реализација** 2029

**Буџет** 395000,00 €

## Изградба на меѓуопштински локален пат од Сушица до Штука со крак до Секирник

Опис на проектот:

Проектот предвидува изградба на меѓуопштински локален пат што ќе ја поврзе Сушица со селата Штука, Секирник, како и со Иловица во соседната Општина Босилово. Проектот опфаќа комплетна техничка документација, земјени работи, асфалтирање, одводнување и сообраќајна сигнализација. Целта е безбедна и квалитетна патна врска.

**Влијание на проектот:**
Обновата на патот ги поврзува Сушица, Штука и Секирник, овозможува брз, безбеден транспорт и го стимулира развојот и комуникацијата меѓу заедниците.

**Целна група:**
Жителите на Сушица (Општина Ново Село) и Штука и Секирник (Општина Босилово), сите граѓани, бизниси и служби што патуваат меѓу овие населени места и општини, особено земјоделци, превозници, како и служби за итни случаи и посетители на регионот.

**Рок на реализација** 2029

**Буџет** 1 000 000,00 €

## Изградба на парк – зелено шеталиште со спортски и рекреативни содржини во Ново Село

Со изградбата на новиот парк ќе се поврзат спортските терени и спортската сала преку нови зелени и спортски содржини. Паркот ќе нуди баскет и тенис игралишта, скејт-парк, фитнес-реквизити, паркинг и патеки за рекреација. Тоа ќе биде простор за младите и за пречек на гости при спортските натпревари.

**Влијание на проектот:**
Паркот ќе овозможи спорт, рекреација и дружење на младите во здраво опкружување со зеленило и чист воздух.

**Целна група:**
Младите од Општина Ново Село

**Рок на реализација** 2027

**Буџет** 280.000,00 €

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Месна заедница Ново Село**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање на улици во населбата
- Реконструкција на Домот на културата „Јане Сандански“
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Изработка на термо фасада на ООУ „Мануш Турновски“
- Изградба на пешачки мост (премин) на река Новоселка од ул. „Кочо Рацин“ до ул. „Гоце Делчев“
- Тампонирање и одржување на полските патишта, како и асфалтирање на патот до депонијата Солена Река и Гркавица
- Изградба на фотонапонски централи на покривите на ООУ „Мануш Турновски“ и Спортска сала „Христо Татарчев“ и на други јавни објекти
- Урбано уредување на локалитетот Чешма на Баба Ванѓа
- Реконструкција и покривање на постојниот зелен пазар

- **Месна заедница Сушица**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Уредување на пристапот од западната страна до училишниот двор со бетонска или асфалтна подлога и отворање порта од источната страна на дворот
- Чистење на коритата и уредување на водотеците низ населбата (Селска Река, Пороj)
- Санација на Домот на културата во Сушица и урбано уредување на дворот со поплочување
- Изградба на премин на Селска Река кај месноста Калдрма
- Тампонирање и одржување на полските патишта
- Тампонирање и одржување на шумскиот пат во Огражден
- Изградба на уреден паркинг пред дворот на црквата „Св. Ѓорѓи“

- **Месна заедница Мокриево**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Реконструкција на кулата Пирго во целосна големина
- Чистење и уредување на водотеците во населбата

- Тампонирање и одржување на полските патишта
- Санирање и одржување на локалитетот Пирго

## Месна заедница Колешино

- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Изградба на училишната спортска сала на ООУ „Видое Подгорец“
- Санација и урбано уредување на локалитетот Даревица
- Реконструкција на објектот на месната заедница со амбулантата
- Санација и ставање во функција на јавното осветлување до Колешинскиот Водопад
- Изградба на филтер-станица за вода за пиење
- Санација и ставање во функција на пречистителната станица од фекалната канализација

## Месна заедница Ново Коњарево

- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Реконструкција на Домот на културата
- Санирање и ставање во функција на пречистителната станица
- Одржување на патот Ново Коњарево – Старо Коњарево
- Уредување на сите спортски терени со додавање нови содржини и реквизити

## Месна заедница Смоларе

- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Реконструкција на Домот на културата
- Изградба на премин и асфалтирање на патот до патеката за Смоларски Водопад
- Изградба и уредување на паркинг-просторите во населбата
- Изградба на платформа за набљудување на Смоларскиот Водопад
- Санација и ставање во функција на јавното осветлување до Смоларскиот Водопад
- Чистење и санирање на каналите за наводнување

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **Месна заедница Дражево**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Чистење и санирање на каналите за наводнување
- Чистење и уредување на водотекот во населбата
- Изградба на премин на водотекот во населбата

- **Месна заедница Старо Коњарево**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Чистење и уредување на водотекот во населбата
- Изградба на парк со детски реквизити
- Реконструкција на Домот на културата
- Изградба и уредување на излетнички локалитет на местото Топлик

- **Месна заедница Самоилово**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Тампонирање и одржување на локалниот пат до Стиник
- Изградба на парк со детски реквизити
- Санација на општинската депонија Солена Река (опасност од палење и загадување на воздухот)

- **Месна заедница Зубово**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Санација на зградата на училиштето
- Чистење и уредување на водотекот во населбата
- Тампонирање и одржување на полските патишта

- **Месна заедница Мокрино**
- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Санација и одржување на локалитетот Мокрински Извори
- Санација на зградата на училиштето и воведување на затоплување на пелети

- Тампонирање и одржување на полските патишта

**Месна заедница Борисово**

- Континуирана реконструкција и асфалтирање улици во населбата
- Чистење и затворање на сите диви депонии
- Приклучување на електрично напојување на просторијата на месната заедница
- Санација и одржување на паркот со детски реквизити
- Тампонирање и одржување на полските патишта

**Месна заедница Барбарево**

- Одржување и доасфалтирање на локалниот пат Ново Село - Барбарево
- Уредување и одржување на црковниот храм „Св. Атанасиј", како и поддршка на верските граѓански манифестации
- Заштита и одржување на училишниот објект

**Месна заедница Бајково**

- Одржување и тампонирање на локалниот пат од клучката со магистралниот пат А4 до Бајково
- Уредување и одржување на црковниот храм „Св. Петка", како и поддршка на верските граѓански манифестации

**Месна заедница Баделен**

- Одржување и тампонирање на локалниот пат Ново Коњарево - Баделен
- Уредување и одржување на црковниот храм „Успение на Пресвета Богородица", како и поддршка на верските граѓански манифестации

**Месна заедница Стиник**

- Одржување и тампонирање на локалниот пат Самоилово - Стиник
- Уредување и одржување на црковниот храм „Св. Спас", како и поддршка на верските граѓански манифестации
- Заштита и одржување на училишниот објект

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА